Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 31.12.2023

На 30.12.2023 околу 19.15 часот во Штип, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип го лишиле од слобода М.С.(41) од Штип. При претрес, извршен со судска наредба, во неговото возило и во канцеларијата што ја користи, во неговото возило биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја и предмети со остатоци од бела грутчеста материја. Подоцна, при претрес во неговиот дом, извршен, исто така, со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја, пиштол „Пјетро Берета" со рамка со осум куршуми, 83 куршуми различен калибар, дигитална вага и други предмети со остатоци од бела грутчеста материја. Лицето било задржано во полициска станица и за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против М.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Вчера (30.12) во 15.40 часот во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово го лишиле од слобода А.Е.(25) од село Ваксинце, липковско, затоа што кај него биле пронајдени 1640 парчиња разновидни пиротехнички средства. А.Е. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 31.12.2023 во 00.50 часот во угостителски објект на плоштад „Св.Климент Охридски" во Охрид, полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Одделение за недозволена трговија до дрога и оружје го привеле Д.С.(31) од Република Србија. Тој бил затекнат како користи кокаин и до него било пронајдено и одземено пакување со кокаин. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2023 во 11.00 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Б.(28) од Куманово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2023 во 14.30 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и предмет со остатоци од марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (30.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 75 мерки, меѓу кои за за возење без возачка дозвола шест санкции, осум мерки за управување возило по дејство на алкохол, шест санкции за користење мобилен телефон при возење, четири мерки на минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на изминатите две вечери (29/30/31.12.2023), во периодот од 22.00 до 05.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е акцијска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 17 возачи, а откриени биле и 14 останати прекршоци.

На 30.12.2023 околу 21.35 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопатот Тетово-Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.С.(27) од тетовско Ново Село и патничко возило „опел корса" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Н.З.(51) од тетовско Боговиње. Во несреќата, сопатничката од возилото „опел корса", И.З.(51) се здобила со тешки телесни повреди констатирани во тетовската Клиничка болница. На местото на несреќата увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 30.12.2023 во 13.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Тетово - с.Јажинце, кај влезот за с.Глоѓи, тетовско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген пасат" со германски национални ознаки, управувано од М.Ш.(28) од с.Пирок, тетовско и патничко возило „фолксваген туарег" со тетовски регистарски ознаки, управувано од малолетник од село Доброште, тетовско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, а со телесни повреди се здобил М.Ш., констатирани во Клиничка болница Тетово. По овластување на јавен обвинител, увид на местото извршила екипа на СВР Тетово.

На 30.12.2023 околу 15.55 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Скопје-Тетово, во с.Групчин, тетовско, патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Н.И.(29) од с.Ларце, тетовско, удрил во малолетен пешак од Тетово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, констатирани во Клиничка болница Тетово. По овластување на јавен обвинител, увид на местото извршила екипа на СВР Тетово.

На 30.12.2023 околу 00.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат кој води до с.Табановце, кумановско, патничко возило „бмв" со кумановски регистарски ознаки, управувано од А.И.(27) од с.Лојане, липковско, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот А.С.(25) од Куманово, а со телесни повреди се здобил возачот А.С., констатирани во општа болница Куманово. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Куманово.

На 30.12.2023 во 12.45 часот во Полициската станица Драчево, Т.Н.(55) од Скопје пријавила дека на ул. „Томе Стефановски" била касната од куче скитник.

На 30.12.2023 во 15.45 часот во СВР Битола, Ј.К.(38) од Битола пријавила дека во кругот на Офицерски дом во Битола, нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 30.12.2023 во СВР Куманово, З.И.(42) од Куманово пријавил дека на улицата „Перо Чичо" во Куманово бил каснат од куче скитник.

На 30.12.2023 во 18.40 часот во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода Л.К.(50) од Кавадарци затоа што се однесувал агресивно во семејниот дом и упатил закани на неговата 49-годишна сопруга. За настанот бил известен јавен обвинител, лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.12.2023 во 04.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Гази Баба биле опожарени патничко возило „форд" и „бмв", двете со скопски регистарски ознаки, сопственост на В.Б. од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.12.2023 во 03.15 часот на патниот правец Струмица - с.Просениково, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Ј.М.(29) од с.Градошорци, струмичко, затоа што агресивно се однесувал и спречувал полициски службеници при извршување службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.12.2023 во 23.20 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што бил затекнат при користење пиротехнички средства на јавно место. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје, П.Н.(35) од Скопје пријавил дека околу 16.00 часот на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од Љ.Т.(51) од Скопје. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2023 во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Е.Н.(45) и Џ.У.(45), двајцата од Гостивар, затоа што во 13.50 часот на ул.„Илинденска" во Гостивар го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.12.2023 во 02.30 часот во ОВР Гевгелија, Н.Р.(42) од Гевгелија пријавил дека околу 01.05 во угостителски објект во центарот во Гевгелија, неговиот малолетен син бил физички нападнат од В.П. од с.Негорци, гевгелиско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2023 во 18.20 часот во ОВР Гостивар, Г.С.(49) од Гостивар пријавил дека околу 17.50 часот на бул.„Гоце Делчев" во Гостивар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 31.12.2023 во 03.10 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го привеле З.С.(59) од Скопје затоа што го нарушил јавниот ред и мир и агресивно се однесувал кон случајните минувачи. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.12.2023 во 20.50 часот во СВР Битола, Л.Н.(43) од Битола пријавила дека во близина на детски парк на ул.„ЈНА" и „Генерал Васко Карангелевски" нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од четири малолетници од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 30.12.2023 во 17.12 часот во СВР Скопје било пријавено дека во сопствениот дом на подрачје на Аеродром била пронајдена почината Ј.Ц.(61) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а во домот имало чад од опожарен климa уред. Увид извршила екипа од СВР Скопје, а по наредба на јавен обвинител, телото на починатата било дадено на обдукција.

На 30.12.2023 во 15.32 часот во СВР Битола, Е.В. пријавил дека од домот се оддалечил неговиот брат Х.В.(34) од Кавадарци. Според пријавеното, последен пат тој бил забележан во во с.Пласница. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 30.12.2023 во 22.00 часот во Полициската станица Гостивар, П.М.(33) од Гостивар пријавил дека на ул.„101" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 30.12.2023 во 17.40 часот во ОВР Гостивар – Полициско одделение Галате, Ш.С.(43) од с.Врапчиште, гостиварско, пријавила дека во селото нејзиниот малолтен син бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет